**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Влада на Република Македонија**
**Секретаријат за европски прашања**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# ЗА ПЕРИОДОТ 2014-2016 година

**август, 2013**

**Содржина:**


АКРОНИМИ....5
ВОВЕД....6
1.1 МИСИЈА....7
1.2 ВИЗИЈА....7
1.3 ПРИНЦИПИ, ВРЕДНОСТИ И НАЧЕЛА....8
1.4 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ....8
1.5 СПЕЦИФИЧНОСТ....8
1.6 СТРУКТУРА....9
1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ....12
1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ....12
1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ (2012/2013)....14
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СТУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ 14
1.9.1. Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Македонија и навремено донесување одлуки....14
1.9.2. Втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација....14
1.9.3. Координација и следење на исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН)....15
1.9.4. Зајакнување на механизмите и процедурите за координација и реализација на НПАА....16
1.9.5. Годишна ревизија на НПАА....16
1.9.6. Доследно спроведување на обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација....17
1.9.7. Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis communitaire....18
1.9.8. Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош....20
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #2: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРЕГОВОРИ....26
1.9.9. Зајакнување на позицијата на Република Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ 26
1.9.10. Формирање и операционализација на структурата за преговори....27
1.9.11. Квалитетна подготовка на аналитички преглед и оценка на степенот на хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ....28
1.9.12. Зајакнување на човечкиот капацитет кој работи на ЕУ интеграцијата....29
1.9.13. Зајакнување на Центарот за обуки и систематско јакнење на капацитетите за процесот на преговори....30
СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #3: ЕВРОПСКИ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ....31
1.9.14. Информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција....31
1.9.15. Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и регионална соработка....32

*Почитувани,*



Задоволство ми е да ви го претставам Стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) 2014-2016 година. Со овој план настојуваме да придонесеме во информирањето на јавноста за работата и плановите на СЕП, и да обезбедиме разбирање и поддршка за нашите напори во остварувањето на стратешката цел на нашата држава – членство во Европската унија.

Нашата визија за членство во Европската унија, претпоставува темелни политички и економски реформи и долгорочни напори за создавање на европско демократско општество. За спроведување на овие сериозни реформи, потребна е силна одлучност, посветеност, политичка волја и напорна работа.

Во изминатиот период направивме сериозен исчекор и видлив напредок во низа области, особено во рамките на Пристапниот дијалог на високо ниво кој придонесе за забрзување на реформите во пет клучни области. Повторената препорака на Европската комисија за отпочнување на преговорите, како и пристапот на Советот на министри на ЕУ кој утврди јасна рамка за пристапните преговори, е потврда и поттик да продолжиме со реформите, кои на прво место се важни за нас самите.

Меѓутоа, свесни сме дека пред нас останува уште многу работа и соочување со многу предизвици, многу премрежувања на нашите желби, очекувања и реалности. Затоа, при подготовката на Стратешкиот план, темелно ги анализиравме и внатрешните и надворешните предизвици, ги оценивме нашите капацитети, ја утврдивме нашата позиција, и ги поставивме следните приоритети.

- ✓ *Продолжуваме со реформите, со нова динамика и нов квалитет.* Во партнерски и отворен дијалог со институциите на ЕУ, ја градиме позитивната агенда, взаемната доверба и изнаоѓаме креативни начини за подигнување на процесот на пристапување на повисоко скалило. Во овој контекст, го продолжуваме дијалогот за пристапување на високо политичко ниво со Европската комисија. Подготвуваме Акциски планови за надминување на утврдените слабости и се фокусираме на исполнување на објективните копенхагенски критериуми и примена на темелните вредности на Европската унија.

- ✓ *Продолжуваме со исполнување на оберските од Пристапниот дијалог на високо ниво.* За таа цел продолжуваме со активно следење на Акцискиот план за добивање на датум за започнување на пристапните преговори помеѓу Република Македонија и ЕУ во кој се предвидени мерки и активности за спроведување на понатамошни реформи во областите опфатени со Пристапниот дијалог.

- ✓ *Продолжуваме со натамошна координација на европските фондови и јакнење на капацитетите за успешно користење и спроведување на проектите.* Функциите на програмирање, мониторинг и евалуација ќе ги спроведуваме за потребите на ИПА и на ИПА 2. Посебно внимание посветуваме на комуникација со јавноста за придобивките од користењето на ЕУ фондовите и создавање на услови на одредени интересни групи од македонската јавност (институции, НВО, бизнис оператори, општините и универзитети) за учество во Програмите и Агенциите на Унијата. Исто така, формиравме нов Центар за обуки и спроведуваме посебно дизајнирани програми.

- ✓ *Продолжуваме со подготовката и ревизијата на Националната програма* за усвојување на законодавството на Европската унија (НПАА), која претставува сеопфатен среднорочен стратешки и програмски документ. Ќе направиме пресек на сработеното досега, ќе ги утврдиме слабостите и ќе се зафатиме со темелни подготовки за отпочнување аналитичкиот преглед на закодавството на Европската унија.

- ✓ *Темелно ќе ги подготвиме нашите координативни структури* за отпочнување на втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), како и за отпочнување на преговорите.

- ✓ *Ќе ги промовираме европските демократски вредности,* и практично ќе ги примениме во градењето на демократијата, транспарентноста, слободата на изразување, толеранцијата, дијалогот и соработката со граѓанскиот сектор, академската заедница, медиумите и Парламентот.

- ✓ *Активно соработуваме во регионот*, ќе ја унапредуваме регионалната соработка и ќе ги негуваме и развиваме добрососедските односи. Ќе се соочиме со заедничките предизвици, и заеднички ќе ги решаваме.

- ✓ *Планираме нова Стратегија за информирање и комуникација* со јавноста, со понуда на нови содржини и настани. Значително ќе ги зајакнеме нашите информациски системи. Ќе ја збогатиме понудата на информации на нашата веб страница, која е достапна на македонски, албански и англиски јазик, и ќе понудиме интерактивна платформа за дијалог со јавноста.

Процесот на пристапување во Европската унија не е само на Секретаријатот за европски прашања, туку на сите нас, и за сите граѓани на Република Македонија. Верувам, дека, со реализацијата на овој Стратешки план, како одговорна држава пред своите граѓани, ќе продолжиме со реформите на прав пат, ќе се подготвиме за преговорите на квалитетен начин, и ќе ги примениме европски демократски вредности во нашата работа. Индикатор на успешноста ќе биде оценката на граѓаните.

Д-р. Фатмир Бесими
Заменик на претседателот на Владата
задолжен за европски прашања

# АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **ВРМ** | Влада на Република Македонија |
| **ДЕУ** | Делегација на Европска унија |
| **ДИС** | Децентрализиран систем за имплементација на Инструментот за претпристапна помош |
| **ДС** | Државен советник |
| **ДСек** | Државен секретар |
| **ДМС** | Систем за управување со документи во државната управа (Документ менаџмент систем) |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКП** | Дипломатско конзуларни претставништва |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ИПАМК** | ИПА Мониторинг комитет |
| **ЗПВРМ** | Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош (Instrument for Pre-accession Assistance) |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МРМЕУ** | Мисија на Република Македонија при Европската унија |
| **МИПД** | Повеќегодишен индикативен програмски документ (Multi-Annual Indicative Planning Document) |
| **МИФФ** | Повеќегодишна индикативна финансиска рамка (Multi-Annual Indicative Financial Framework) |
| **НВО** | Невладини организации |
| **НИПАК** | Национален ИПА координатор |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на правото на Европска унија (National programme for the adoption of the acquis communautaire) |
| **НСЕИ** | Национален совет за европски интеграции |
| **НФ** | Национален фонд (National Fund) |
| **ОУРЧР** | Одделение за управување и развој на човечки ресурси |
| **ОВР** | Одделение за внатрешна ревизија |
| **ОСП** | Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти |
| **ОИЈ** | Одделение за институционално јакнење |
| **ОИКП** | Одделение за информатичко комуникациска поддршка |
| **ОИП** | Одделение за информирање и публикации |
| **ПЕП** | Претпристапна економска програма |
| **РКЕИ** | Работен комитет за европска интеграција |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СИ** | Сектор за интеграција |
| **СИТ** | Сектор за ИТ |
| **СКСП** | Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош |
| **СОЈ** | Сектор за односи со јавноста |
| **СОПР** | Сектор за општи и правни работи |
| **СПНВА** | Сектор за подготовка на националната верзија на Acquies communitaire |
| **СППЧЕУ** | Сектор за поддршка на преговорите за членство во ЕУ |
| **СПО** | Виш програмски службеник (Semior Programme Officer) |
| **ССА** | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| **СФП** | Сектор за финансиски прашања |
| **ТАИБ** | Прва компонента ИПА- Помош при транзиција и институционална надградба (Transition Assistance and Institution Building Component) |
| **ЦФЦД** | Секторот за централно финансирање и склучување договори; Сектор во рамките на Министерството за финансии |
| **ISO** | Меѓународната организација за стандарди (International Organization for Standardization) |
| **TAIEX** | Техничка помош за размена на информации (Technical Assistance and Information Exchange) |
| **РКЕИ** | Работен комитет за европска интеграција |
| **РИА** | Regulatory Impact Assessment |
| **АА** | Агенција за администрација |
| **ГД** | Генерален директорат |

# ВОВЕД

Секретаријатот за европски прашања, заедно со сите учесници, во изминатиот период постигна значителен напредок во процесот на европската интеграција. Кандидатскиот статус, визната либерализација, воспоставувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво и нотираниот напредок во многу реформски области, се резултат на досегашната посветеност и работа.

*Во изминатиот период успешно го поставивме и зајакнавме целокупниот систем за координација и поддршка на процесот:*

- Го добивме и го задржавме кандидатскиот статус на Република Македонија, и соочени со предизвиците покренавме низа реформи;
- Го продолживме Пристапниот дијалог на високо ниво и активно работиме на исполнување на обврските во областите опфатени со истиот;
- Го завршивме 9-от циклус на состаноци преку институционалниот механизам на КСА/Поткомитети, и очекуваме отпочнување на втората фаза на ССА;
- Го завршивме 7-от циклус на ревизијата и планирањето на краткорочните и среднорочни приоритети на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА);
- Воспоставениот Работен комитет за европска интеграција (РКЕИ), продолжи да претставува платформа за меѓуресорска консултација и форум за отворен дијалог;
- Формираните НПАА работни групи, во 35 поглавја/130 подрачја, (со околу 870 членови) и понатаму одржуваа редовни состаноци на кои се следеше реализацијата на обврските од НПАА;
- Ги поставивме координативните и оперативни структури ИПА претпристапниот инструмент (со околу 460 членови);
- Го поставивме системот за подготовка на националната верзија на acquis и напорно работиме на изработка на националан верзија на правните акти на ЕУ (преведени околу 60% од корпусот на правните прописи на ЕУ;
- Го поставивме системот за информирање и соработка со граѓаните и го формиравме МК-ЕУ инфо центарот;
- Го оформивме, го екипиравме и го ставивме во функција Центарот за обуки на СЕП, како институционална рамка за континуирано и конзистентно јакнење на капацитетите на администрацијата за процесот на европска интеграција;
- Развивме модерни информатички системи и алатки за поддршка и следење на процесот на пристапување, како и низа стандардизирани платформи, методологии, аналитички алатки и стандарди на квалитет.

*Стратешки насоки и предизвици:*

Главните насоки за Стратешкиот план 2014-2016 на Секретаријатот за европски прашања се поставени врз основа на стратешката определба на Владата за членство во ЕУ, како и клучните документи и стратегии: Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА); Процесот за стабилизација и асоцијација; Партнерството за Пристапување (ПП); Приоритетите усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво; Стратегијата за проширување 2012-2013, со јасни насоки и препораки за процесот на проширување во наредниот период; Стратегијата ЕУ 2020, инцијативите и стратегиите на ЕУ; Повеќегодишната финансиска рамка (МФФ 2014-2020); Годишните извештаи на ЕК за напредокот на Република Македонија; Секторски стратегии; Програмата за работа на Владата и реформите во низа области; Стратегијата за реформа на јавната администрација (РЈА); Предпристапната економска програма (ПЕП).

Секретаријатот за европски прашања направи темелна анализа на овие стратешки документи, ги идентификува клучните предизвици и на Европската унија и на Република Македонија за следниот период, и врз основа на својата позиција и капацитети ги утврди следните *стратешки насоки:*

- *континуитет и подобрување на квалитетот на процесот на пристапување;*
- *подготовки за отпочнување и водење на преговори;*
- *европски демократски вредности во процесот на пристапување.*

Пред нас е *двоен предизвик*, одржување континуитет со подобрување на квалитетот на досегашната работа и подготовки за отпочнување на преговорите. Свесни сме за сериозноста на претстојните обврски но, исто така, и за реалните, сопствени капацитети, капацитетите на координативните структури, институциите кои учествуваат во процесот, како и постојните ресурси.

*Нашите напори ќе ги насочиме кон следните предизвици:*

- Партнерски дијалог и соработка со институциите на ЕУ и земјите членки, и подготовка на акциски планови за надминување на воочените слабости;
- Зајакнување на регионалната соработка и дијалог со соседите;
- Доследно исполнување на обврските од ССА и отпочнување на ССА втора фаза;
- Исполнување на обврските произлезени од Пристапниот дијалог на високо ниво согласно Патоказот и Акцискиот план за започнување пристапни преговори помеѓу РМ и ЕУ;
- Подобрување на квалитетот на НПАА, како и воведување на стриктни инструменти за следење на обврските и мерење на напредокот;
- Консолидација и зајакнување на координативните структури и подготовки за сопствен аналитички преглед на законодавството на ЕУ и националното законодавство;
- Зајакнување на ИПА структурите и јакнење на капацитетите за долгорочно програмирање;
- Интензивирање и подобрување на квалитетот на подготовката на националната верзија на acquis;
- Интензивирање на соработка со НВО, универзитети, дијалог и вклучување во подготовките за преговори;
- Информирање на јавноста, јакнење на свеста и поддршката за членство во ЕУ;
- Методолошка, организациска и процедурална подготовка за воспоставување на преговарачките структури, и техничка и информатичка поддршка на процесот на преговорите;
- Систематско јакнење на капацитетите на сите координативни структури и преговарачките структури, како и на целните групи во специфични области.

Врз основа на стратешките насоки и идентификуваните предизвици, го подготвивме стратешкиот план за 2014-2016 година, како целосно интегриран среднорочен развоен документ. Планот обезбедува континуитет на досегашните активности, ги препознава идните предизвици и ги инкорпорира извлечените поуки, реална рамка на планирање, и *чекор по чекор,* систематско јакнење на структурите и капацитетите, соработка и вклучување, еднакво разбирање и заедничка сопственост на процесот.

## 1.1 МИСИЈА

✓ **Посветеност на реформите до целосна интеграција во Европската унија**

*Доследно спроведување на политиките на Владата на Република Македонија, во насока на целосна реализација на стратешката определба за членство во Европската унија, посветени на отпочнување и завршување на преговорите, со квалитетна и ефикасна координација и поддршка на потребните реформи, ефикасно користење на средствата од претпристапните ИПА фондови, активна регионална соработка и партнерски дијалог со институциите на ЕУ, отворен дијалог со граѓаните, како и мобилизација на сите општествени ресурси.*

## 1.2 ВИЗИЈА

✓ **Членство на Република Македонија во Европската унија**

*Република Македонија како членка на ЕУ, продолжува на патот на градење на модерно, европско, демократско, општество, со прифатени заеднички вредности и принципи на демократија и владеење на правото, со европски демократски вредности на почитување на човековите права и слобода на изразување, со политика на дијалог и регионална соработка, како и со изградена одговорност кон користење на севкупните ресурси, заштита на*

*животната средина и културното наследство, како залог за сегашните и идните генерации.*

## 1.3 ПРИНЦИПИ, ВРЕДНОСТИ И НАЧЕЛА

- **К**онтинуитет во процесот на пристапување
- **К**валитетна поддршка на Владата во реформските процеси и процесот на одлучување
- **К**оординација и консултација, ефикасни координативни структури во процесот на пристапување и преговори, како и користењето на ИПА претпристапните фондови
- **К**омуникација, внатрешна соработка, надворешна-партиципација на граѓанскиот сектор, академската заедница, Собранието и целокупното општество
- **К**реација, професионалност, одговорност, стручност и мотивираност на вработените
- **К**олегијалност, тимска работа и солидарност на вработените
- **К**онсолидација на организациската структура и функциите во СЕП во насока на оптимален распоред на функции, ресурси и економично работење
- **К**валитет и стандарди – воведување и почитување на стандарди на квалитет (ИСО 9001:2008), како и стандарди за заштита на животна средина (ИСО14001:2004)
- **К**онтрола – внатрешна контрола и интегритет
- **К**омпјутеризација и развој на информатички системи и интерактивни платформи

## 1.4 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Секретаријатот за европски прашања работи на:

- Координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка на Република Македонија за членство во Европската унија;
- Следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија;
- Учество, координација и следење на работните тела формирани во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори со Европската унија;
- Координација и следење на реализацијата на Пристапното партнерство;
- Координација и следење на реализацијата на приоритетите од Пристапниот дијалог на високо ниво;
- Координација и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија;
- Подготовка на македонската верзија на acquis communitaire (правото на Европската унија) и превод на македонското законодавство;
- Јакнење на институционален капацитет за водење на процесот на европска интеграција и континуирана надградба на стручните и аналитичките капацитети;
- Подготовка за преговори на Република Македонија за членство во Европската унија и учеството во формулирање на идните преговарачките позиции како и координација на преговорите за членство;
- Координација на помошта од Европската унија и нејзините земји членки, како и координација на другата странска помош поврзана со реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија;
- Информирање и комуникација со јавноста за активностите поврзани со процесот на европската интеграција и европските прашања;
- Усогласување на работата на органите на државната управа на Република Македонија како држава членка на Европската унија.

## 1.5 СПЕЦИФИЧНОСТ

Работата на Секретаријатот за европски прашања е уредена со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2005”). Секретаријатот за европски

прашања има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовката за членство на Република Македонија во ЕУ. Секретаријатот остварува интензивна соработка со органите на државната управа и други органи и институции. Секретаријатот остварува функција на мониторинг на обврските. Нема управна функција.

## 1.6 СТРУКТУРА

Секретаријатот за европски прашања е стручна служба на Владата на Република Македонија раководен од членот на Владата задолжен за европски прашања (ЗПВРМ) кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државна управа.

Согласно законските прописи, уредби и систематизацијата на СЕП, во Секретаријатот за европски прашања постојат следните организациски единици: 8 сектори и во нивни рамки 26 одделенија, и тоа:

1. **Сектор за интеграција**
   Одделение за правда, слобода и безбедност
   Одделение за внатрешен пазар и конкуренција
   Одделение за економско-финансиски прашања, даноци и царини
   Одделение за земјоделство и безбедност на храната
   Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика
   Одделение за транспорт, енергетика, животна средина и регионална политика

2. **Сектор за поддршка на преговорите за членство во ЕУ**:
   Одделение за координација на правни и институционални механизми во процесот на преговори за членство
   Одделение за поддршка на преговарачкиот тим
   Одделение за институционално јакнење
   Одделение за поддршка на процесот на европска интеграција на Мисијата на РМ при ЕУ

3. **Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош**:
   Одделение за програмирање на европски фондови
   Одделение за следење и евалуација на програмите на ЕУ
   Одделение за билатерална и мултилатерална помош:
   Одделение за обука за користење на европските фондови и друга странска помош

4. **Сектор за подготовка на национална верзија на acquis communautaire**:
   Одделение за преведување и координација на процесот на преведување
   Одделение за ревизија и терминологија

5. **Сектор за организациони работи и односи со јавноста**:
   Одделение за информирање и публикации
   Одделение за Инфо центар
   Одделение за кабинетски работи

6. **Сектор за општи и правни работи**:
   Одделение за архивско работење
   Одделение за административна поддршка

7. **Сектор за информатичка и комуникациска технологија**:
   Одделение за информационен и софтверски систем
   Одделение за техничка поддршка

8. **Сектор за финансиски прашања**:
   Одделение за буџетска координација

Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќања
Одделение за јавни набавки

**Надвор од секторите се следниве одделенија:**

- Одделение за внатрешна ревизија (одговорно пред ЗПВРМ)
- Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти (одговорно пред Државниот секретар)
- Одделение за управување и развој на човечки ресурси (одговорно пред Државниот секретар)

Органиграмот на СЕП е даден во прилог.

**Проектни единици:**

Во 2013 година, следниве проектни единици ја поддржуваа работата на СЕП:

- Градење на капацитетите за координација на странска помош 5 фаза - Обединетите нации (УНДП);
- Поддршка преку Техничка помош за зајакнување на капацитетите на институциите за управување и спроведување на Оперативните програми;
- Поддршка преку – „Одржливо учење за ЕУ и систем за обуки“ (Кралството Норвешка);
- Поддршка преку Француска амбасада.

Со одлуката за започнување на преговори, како резултат на новите функции и зголемувањето на обемот на работа, ќе биде потребно и зајакнување на капацитетите на повеќе функции во Секретаријатот, како и мобилизација на значителни ресурси.


заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања
Одделение за управување и развој на човечки ресурси
Државен секретар
Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти
Одделение за внатрешна ревизија
Државен советник за поддршка на процесот на интеграција
Државен советник за поддршка на преговорите за членство во ЕУ
Државен советник за општи и организациски работи
Сектор за интеграција
Одделение за правда, слобода и безбедност
Одделение за внатрешен пазар и конкуренција
Одделение за економско-финансиски прашања, даноци и царини
Одделение за земјоделство и безбедност на храната
Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика
Одделение за транспорт, енергетика, животна средина и регионална политика
Сектор за поддршка на преговорите за членство во ЕУ
Одделение за координација на правни и институционални механизми во процесот на преговори за членство
Одделение за поддршка на преговарачкиот тим
Одделение за институционално јакнење
Одделение за поддршка на процесот на европска интеграција на Мисијата на РМ при Европската унија
Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош
Одделение за програмирање на европски фондови
Одделение за следење и евалуација на програмите на ЕУ
Одделение за билатерална и мултилатерална помош
Одделение за обука за користење на европски фондови и друга странска помош
Сектор за подготовка на националната верзија на Acquis communautaire
Одделение за преведување и координација на процесот на преведување
Одделение за ревизија и терминологија
Сектор за организациски работи и односи со јавноста
Одделение за информирање и публикации
Одделение за Инфо Центар
Одделение за кабинетски работи
Сектор за општи и правни работи
Одделение за архивско работење.
Одделение за административна поддршка
Сектор за информатичка и комуникациска технологија
Одделение за информационен и софтверски системи
Одделение за техничка поддршка
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќања
Одделение за јавни набавки

## 1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

*(СЕП нема органи во состав)*

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Стратешката определба на Владата на Република Македонија за членство во ЕУ, продолжување на реформските процеси во процесот на пристапување кон Европската унија и отпочнување на преговорите, воедно е и клучен стратешки приоритет на Секретаријатот за европски прашања.

Општата цел на стратешкиот план е создавање на заедничка, интегрална реформска рамка, која содржи усогласени стратешки приоритети и цели:

- ***Стратешки приоритет 1: Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во ЕУ***

*цели во функција на приоритетот:*

- Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување
- Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА)
- Координација и следење на исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН)
- Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА)
- Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош
- Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis

- ***Стратешки приоритет 2: Квалитетно управување со процесот на преговори***

*цели во функција на приоритетот*

- Зајакнување на позицијата на Република Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки
- Формирање и операционализација на структурата за преговори
- Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавство на Европската унија
- Зајакнување на административниот капацитет кој работи на процесот на интеграцијата во ЕУ. Зајакнување на Центарот за обуки на СЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори

- ***Стратешки приоритет 3: Европски демократски вредности во процесот на пристапување***

*цели во функција на приоритетот:*

- Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција
- Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница
- Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија
- Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи

Стратешките приоритети и цели ги обликуваат стратешките столбови на стратешката рамка. Приоритетите и целите се меѓусебно тесно поврзани, хоризонтално и вертикално, и меѓузависни, со што се зајакнува умрежениот ефект и насоченоста кон единствената стратешка цел на Секретаријатот и стратешката определба на Владата.

**Стратешката рамка е прикажана на следниот Дијаграм.**

**Продолжување на реформските процеси во процесот на пристапување кон Европската унија и отпочнување на преговорите**

| ➢ **Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во ЕУ** ↔ | ➢ ***Квалитетно управување со процесот на преговори*** ↔ | ➢ ***Европски демократски вредности во процесот на пристапување*** |
|---|---|---|
| • Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување<br><br>• Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br><br>• Координација и следење на исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН)<br><br>• Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА)<br><br>• Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош<br><br>• Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis | • Зајакнување на позицијата на Република Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки<br><br>• Формирање и операционализација на структурата за преговори<br><br>• Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавството на ЕУ<br><br>• Зајакнување на административниот капацитет кој работи на процесот на интеграљцијата во ЕУ<br><br>• Зајакнување на Центарот за обуки на СЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори | • Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција<br><br>• Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница<br><br>• Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија<br><br>• Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи<br><br>• Одржливи структури, мрежи и процеси и инклузивност во процесот на пристапување |

## 1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ (2012/2013)

Методологијата на изработка на стратешкиот план, како и неговото следење, е целно усогласена со организацијата на управување и клучните функции на Секретаријатот за европски прашања:

- Поддршка на Владата во процесот на одлучување
- Координација во процесот на пристапување
- Координација и поддршка на преговори
- Координација на ИПА претпристапниот инструмент
- Подготовка на националната верзија на acquis
- Информирање на јавноста, дијалог и соработка
- Јакнење на институционалните капацитети за ЕУ
- Информатички системи и платформи за поддршка на процесот

СЕП, согласно со своите надлежности, има воспоставено активности кои се спроведуваат на редовна основа, што обезбедува континуитет и поврзаност со идните активности. Затоа, освртот на постигнатите резултати ги вклучува и клучните компоненти на функциите, нивниот опис, како и информации кои ги покажуваат резултатите со квалитативни и квантитативни индикатори.

Проектираните цели/резултати и активности, се групирани под секој стратешки приоритет/столб, но меѓусебно се хоризонтално/ вертикално поврзани низ сите стратешки цели со зајакнати влијанија во насока на приоритетите.

Секретаријатот за европски прашања во изминатиот период (2012/2013) година, интензивно работеше во сите сегменти од негова надлежност. Следат некои од клучните проектирани резултати/цели и активности:

### СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА СТУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ

### 1.9.1. Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Македонија и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграциите

СЕП одржува редовни работни управни колегиуми предводени од ЗПВРМ, на кои се разгледуваат сите материјали по кои треба да се произнесе и сите отворени прашања во врска со процесот на пристапување кон ЕУ.

Се продолжи со редовно информирање на Генералниот колегиум на Владата за позициите на СЕП по однос на бараните мислења и ставови за актите поврзани со ЕУ, како и редовно известување на работните тела на Владините комисии за политички систем, за тековна економска политика и за унапредување на човечките ресурси. Преку предточката за ЕУ, на секоја редовна седница, Владата беше континуирано информирана за процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, поточно за степенот на реализација на обврските кои произлегуваат од Пристапниот дијалог на високо ниво и активностите предвидени во НПАА. Исто така, СЕП се вклучи во електронскиот систем на Владата за доставување на материјали. Се продолжи со праксата на навремено доставување на мислења по однос на законски решенија, одлуки и други акти поврзани со ЕУ со цел навремено и ефикасно донесување на одлуки.

### 1.9.2. Втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

СЕП во изминатиот период ги изработи сите анализи во врска со обврските кои произлегуваат од втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА 2 фаза): се изработи интерна анализа за обврските, интерна

анализа на импликациите од пролонгирањето, како и позиции за аргументирање на што поскоро отворање на втората фаза на ССА.
Исто така, покренато е барање до Европската комисија за статусот на усвојувањето на предлог Одлука на Европскиот совет и Европската комисија за транзиција во втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација;

Покрената е иницијатива на седмиот состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација за што поскоро отворање на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ќе се интензивираат напорите на сите релевантни институции, на сите нивоа, за добивање позитивна одлука за отпочнување на втората фаза на ССА.

### 1.9.3. Координација и следење на исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН)

СЕП го координираше следењето и исполнувањето на обврските од Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН). ПДВН предводен од Претседателот на Владата на Република Македонија г. Никола Груевски и Комесарот задолжен за проширување г. Штефан Фуле, внесе нов импетус во евроинтегративниот процес. Дијалогот внесе нова динамика во евроинтегративниот процес на земјата и беше фокусиран на конкретните приоритети кои беа идентификувани од страна на Република Македонија и Европската комисија.

Во рамки на Пристапниот дијалог на високо ниво беа одржани четири состаноци на кои беа адресирани клучните предизвици и беше констатиран напредок во реформските цели во следните пет области: слобода на изразување во медиумите; владеење на правото; реформа на јавната администрација; изборната реформа и зајакнување на пазарната економија.

Пристапниот дијалог натаму беше придвижен преку еден инклузивен процес и низа реформски активности кои беа дефинирании со донесувањето на Патоказот на активности и мерки за достигнување на целите на дијалогот. Патоказот содржи мерки, придружени со надлежни институции и рокови за реализација - најголемиот дел до затворањето на Извештајот за напредокот на Република Македонија, но дел се и подолгорочни со цел обезбедување одржливост на преземените реформи.

Како доказ за посветеноста на Владата за спроведување на суштински реформи и воедно исполнување на обврските произлезени од Пристапниот дијалог на високо ниво, на 2 ноември 2012 Владата го усвои Акцискиот план за започнување пристапни преговори помеѓу РМ и ЕУ, документ во кој се беа предвидени дополнителните активности со цел пресретнување на приоритетите и реформските цели од ПДВН.

ПДВН се спроведува преку воспоставени механизми утврдени на 51-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 20 март 2012 година, структури кои придонесуваат кон успешно одвивање на процесот, следење и мониторирање на активностите кои треба да се реализираат и динамиката на истите.
Согласно утврденото, процесот на следење на реализацијата на приоритетите (реформски цели) од Пристапниот дијалог на високо ниво и следењето на статусот на реализација на активностите кои произлегуваат од оперативниот Патоказ се одвива преку следните два механизми:

1. Стратешкиот механизам (Пристапен дијалог на високо ниво)
2. Оперативен (технички) механизам

Стратешкиот механизам го опфаќа воспоставениот Пристапен дијалог на високо ниво во рамки на кој континуирано се следат главните приоритети утврдени на првиот состанок на ПДВН.

Оперативниот (технички) механизам го претставува движечкиот механизам и поддршката на дијалогот на високо ниво и истовремено го следи статусот на реализацијата на активностите кои се договорени на стратешко (политичко) ниво. Во рамки на оперативните структури за следење на Пристапниот дијалог на високо ниво формирана е Работна група на министри за следење на реализацијата на приоритетите утврдени на првиот состанок на ПДВН и реализацијата на активностите од оперативниот Патоказ.

### 1.9.4. Зајакнување на механизмите и процедурите за координација и реализација на НПАА

СЕП продолжи активно да ја организира и поддржува работата на Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) како меѓуминистерско тело за координација за прашањата поврзани со европската интеграција, со одржување на редовни состаноци со државните секретари, како и Поткомитетот на РКЕИ со раководителите на НПАА работните групи за приближување на националното законодавство со законодавството на ЕУ. РКЕИ се состанува секоја последна недела во месецот, а Поткомитетот на РКЕИ, секоја втора недела во месецот. Во периодот 2011-2012 година се одржаа вкупно 150 седници на РКЕИ, додека во 2012- 5 седници; покрај ова во 2011 и 2012 година во истиот период седници одржуваше и Поткомитетот на РКЕИ, при што беа одржани 7 состаноци во 2011 година и 8 состаноци во 2012 година.

Продолжи работата на НПАА работните групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции. СЕП, на редовна основа, ја следи работата на НПАА работните групи: 33 работни групи/ 130 подгрупи, според структурата на acquis, со околу 870 членови, како и работни групи за политички критериуми, економски критериуми, кои се состануваат на месечно ниво.

Се консолидира информатичкиот систем за поддршка на НПАА (НПАА портал), и се унапреди мониторинг системот за следење на напредокот со систем за рано предупредување, како и систем за известување и генерирање на различни извештаи (седмични, месечни), како и тримесечни извештаи за Собранието на Република Македонија.

СЕП ја организира и координира подготовката на придонесите за годишниот извештај на Европската комисија (мај/септември тековната година), го консолидира и преведува на англиски јазик целокупниот материјал доставен од страна на надлежните институции и го доставува до ЕК.

Во наредниот период, ќе се продолжи со организирање на редовни состаноци на РКЕИ, и доследно следење на обврските од НПАА, како и натамошно подобрување на НПАА порталот и воспоставениот мониторинг механизам. Посебно внимание ќе се посвети на подобрување на мониторинг платформата за рано предупредување, како и јакнењето на стручните и аналитичките капацитети на НПАА работните групи.

### 1.9.5. Годишна ревизија на НПАА

СЕП го спроведува годишниот циклус на ревизија на НПАА, по утврдена методологија, согласно мониторинг механизмот и динамиката, воспоставени од страна на Европската комисија. Досега, спроведени се 7 циклуси на годишна ревизија на НПАА, а отпочинува 8-от циклус на годишна ревизија.

Целта на годишната ревизија на НПАА е да се анализираат наодите и препораките на ЕК, другите релевантни стратешки и програмски документи на ЕУ, и на национално ниво, да се утврди сопствениот напредок. Врз основа на наодите и сопствената визија, планови, капацитети и ресурси, се планираат краткорочни и среднорочни приоритети за следниот период. Исто така, се планира проектирање на ИПА инструментот за поддршка на среднорочните приоритети. Затоа, сите институции треба максимално да ги усогласат своите стратешки планови со приоритетите на ЕУ, и да ги мобилизираат сопствените ресурси, како и ресурсите на европските фондови. Конзистентноста на секторските стратешки и буџетски планови со приоритетите на НПАА, се клучни за успешна реализација на зацртаните активности и понатамошно продлабочување и подобрување на квалитетот на НПАА.

Подготовката на годишната ревизија на НПАА се спроведува од страна на сите НПАА работни групи, а се координира, консолидира и анализира од страна на СЕП. Исто така, СЕП дополнително ја анализира конзистентноста на НПАА со Програмата за работа на Владата, ПЕП, РЈА и други стратешки и програмски документи. Нацрт НПАА се доставува на мислење до Собранието на Република Македонија, и се консултира со граѓанскиот сектор на посебно организирани средби. НПАА годишната ревидирана програма, обично, се усвојува на последната седница на Влада во годината.

Структурата на документот ја следи структурата на Партнерството за пристапување и критериумите за членство:

политички критериуми, економски критериуми, способност за преземање на обврските и имплементација на acquis (33 поглавја/ 130 подрачја), и Административен капацитет. Документот се состои од: НПАА наративен дел, и Анекси, и тоа: Анекс1: План за хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ; Анекс 2: Институции; Анекс 3: Буџетски ресурси; Анекс 4: Странска помош; Анекс 5: Обуки (TAIEX). Анексите се подготвуваат врз основа на стандардизирани обрасци.

За време, и после секој годишен циклус на НПАА ревизија, СЕП врши длабинска анализа на методологијата и наодите, подготвува компаративни анализи и воведува корективни системи и нови елементи во методологијата и процесот на ревизија, планирање, мониторинг и управување со НПАА, како и анализа на конзистентноста со други стратешки и програмски документи.
За подготовка на годишната ревизија, дизајниран е НПАА портал – модул ревизија, кој ги следи сите чекори во процесот на ревизијата. Пристапот кон порталот е овозможен за сите НПАА работни групи, подгрупи и државни секретари.

Во наредниот период, се планира натамошно подобрување на методологијата на ревизија и планирање на НПАА, со воведување стандардизирани платформи за следење на напредокот и следење на индикатори на успешност, за секое поглавје/подрачје на НПАА. Исто така, се планира дистрибуција на Прашалник до сите членови на НПАА работните групи, за сопствена оценка на постигнатите резултати и идентификација на критични области, во кои е потребна подлабока анализа и дополнителни интервенции.

### 1.9.6. Доследно спроведување на обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

СЕП го организира и спроведува редовниот циклус на состаноци, согласно воспоставениот мониторинг механизам за следење на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕК. Циклусот на КСА/Поткомитети се усогласува секоја година со ЕК.
Последниот циклус на состаноци за 2013 година, како и следниот циклус за 2014 година, се дадени во следната табела:

| | |
|---|---|
| Деветти состанок на Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика | 28-29 мај 2013, Скопје;<br>*мај 2014,Брисел* |
| Деветти состанок на Поткомитет за транспорт, животна средина , енергетика и регионален развој | 6-7 јуни 2013, Скопје ; |
| Деветти состанок на Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција | 3 јуни 2013, Брисел;<br>*tbc 2014, Скопје* |
| Деветти состанок на Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | 30-31 мај 2013, Брисел;<br>*tbc 2014, Скопје* |
| Деветти состанок на Поткомитет за земјоделство и рибарство | 11 април 2013, Скопје;<br>*април 2014, Брисел* |
| Деветти состанок на Поткомитет за трговија, индустрија, царина и даноци | 30-31 Мај 2013, Скопје |
| Деветти состанок на Поткомитет за правда, слобода и безбедност | *30 ноември 2012 Брисел*<br>*Tbc 2014 Скопје* |
| Десетти состанок на Комитет за стабилизација и асоцијација | 13 јуни 2013, Брисел;<br>*јуни 2014, Скопје* |
| Совет за стабилизација и асоцијација | *23 јули 2013* |
| Четврт состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација;<br>Петти состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација | 22-23 март 2012, Скопје<br>*12-13 септември 2013, Скопје* |

Посебно внимание се посветува на подготовката, организацијата и следењето на циклусите КСА/Поткомитети состаноци и обврските кои произлегуваат од заклучоците.

После секој состанок на КСА и Поткомитетите, се врши анализа на наодите и преземените обврски, и подготвува Информација до Владата, со насоки за преземање соодветни чекори и акции од страна на надлежните институции. Преземените обврски, со детален план на одговорности и рокови, се инкорпорираат во постојниот механизам за следење, преку редовните состаноци на РКЕИ.

Во наредниот период, доследно ќе се следат препораките и обврските од КСА и Поткомитетите, Пристапниот дијалог на високо ниво како и обврските на ЕК во однос на Република Македонија. Во партнерски дијалог со ЕК, СЕП ќе продолжи темелно да ги подготвува состаноците и да го подобрува квалитетот на поднесените материјали и консултациите.

### 1.9.7. Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis communitaire

Во изминатиот период, Секретаријатот направи исклучителни напори за развој на функцијата подготовка на националната верзија на acquis. Огромниот корпус на правни акти на ЕУ (околу 130.000 страници), кои треба квалитетно да се преведат, да се изврши јазична, стручна и правна ревизија на преведените правни акти, големиот корпус на национално законодавство кое треба да се преведе и јазично да се ревидира на еден од официјалните јазици на ЕУ, како и да се изврши превод на низа клучни документи од областа на европската интеграција, бараат јасно дефинирани стандарди и процедури во процесот на преведување, како и постепено и постојано јакнење на капацитетите и подигнување на нивото на квалитет.

Практикување на утврдената методологија на работа преку соодветни прирачници и упатства за процесот на подготовка на националната верзија на acquis и за преведување на националното законодавство на еден од официјалните јазици на ЕУ. Овие документи преставуваат основа за обезбедување на квалитетни резултати на вработените во СЕП.

На дневна основа се применува воспоставената процедура за контрола на квалитетот на веќе преведените акти. Овој механизам придонесува кон конзистентно градење на капацитетите, воведување на стандарди на квалитет, воедначено и стандардизирано градење на терминологија и воопшто, градење на квалитетот во работата.

Во 2012 и 2013 година, продолжија активностите за контрола на квалитетот на работата преку редовни стручни состаноци како на ниво на Сектор, така и во помали групи. Стручните состаноци имаат за цел советувања и разгледување на јазични дилеми со кои се соочуваат преведувачите и јазичните ревизори, како и воедначување на работењето и заземање на ист став кон одредени конкретни ситуации.

Вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis во континуитет имаат можност да следат обуки организирани од страна на Центарот за обуки на СЕП и тоа на теми кои се од актуелна важност за процесот на европска интеграција, како: ИПА, Европа 2020, Acquis communautaire (од аспект на преведување), Гап анализа на извештајот на ЕК 2012 и Стратегијата за проширување, Претпристапниот дијалог на високо ниво. Исто така, одреден дел од вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis следат курсеви по француски јазик, додека двајца имаа можност да го полагаат меѓународниот тест за оценување на нивото на знаење на францускиот јазик. Додека пак 2 преведувачи ја следеа и специјализирана обука – пренесување на хрватското искуство за водење на преговорите за членство во Европската унија за поглавје 23 и 24.

На редовна основа, се врши ажурирање на постојните поимници и надградба на терминолошките бази (Мултитерм), како и редовно се користи регистарот на преведени правни акти (ТР). Во 2012-2013 година се собраа 30.334 термини од правните акти на ЕУ, а од нив се ревидирани 562 термина.

Како дел од воспоставениот механизам за следење на динамиката на подготовка на национална верзија на acquis, на редовна основа, се следи бројот на преведени страници, по вид на документ и тоа: европски правни акти, национални правни акти, и документи од важност за процесот на европската интеграција. Следствено, заклучно со јуни 2013 г. вкупниот број на преведени страници на правните акти на ЕУ изнесува 80.158 страници од Службениот весник на ЕУ.

Во табелата се прикажани некои од резултатите на подготовката на националната верзија на acquis:

| ***2012 г.*** | ***2013 г.*** |
|---|---|
| ***Превод на правни акти на ЕУ:***<br>1.400 акти или 10.536 страници од Службениот весник на ЕУ | ***Превод на правни акти на ЕУ:***<br>462 акти или 3.622 страници од Службениот весник на ЕУ |

| | |
|---|---|
| ***Превод на правни акти на РМ:***<br>54 правни акти или 463 страница од Службен весник на РМ<br><br>***Документи од важност за процесот на европска интеграција:***<br>38 документи или 2.213 авторски страници | ***Документи од важност за процесот на европска интеграција:***<br>30 документи или 908 авторски страници |
| ***Јазична ревизија:***<br>- правни акти на ЕУ: 320 акти или 3.074 страници од Службениот весник на ЕУ<br>- македонски правни акти: 68 акти или 557 страници од Службениот весник на РМ<br>- други документи од важност за процесот на европска интеграција: 15 документи или 1.903 авторски страници | ***Јазична ревизија:***<br>- правни акти на ЕУ: 143 акти или 1.195 страници од Службениот весник на ЕУ<br>- македонски правни акти: 3 акти или 32 страници од Службениот весник на РМ<br>- други документи од важност за процесот на европска интеграција: 4 документи или 1.198 авторски страници |
| ***Контрола на квалитет:***<br>- Редовно одржување на стручни колегиуми на ниво на СПНВА<br>- Одржување на менторски систем на следење на работата на преведувачите и јазичните ревизори;<br>- Редовно одржување на стручни состаноци со преведувачите и јазичните ревизори во насока на советување, дебатирање за одредени јазични дилеми, како и заради усогласување на нивната работа. | ***Контрола на квалитет:***<br>- Редовно одржување на стручни колегиуми на ниво на СПНВА<br>- Одржување на менторски систем на следење на работата на преведувачите и јазичните ревизори;<br>- Редовно одржување на стручни состаноци со преведувачите и јазичните ревизори во насока на советување, дебатирање за одредени јазични дилеми, како и заради усогласување на нивната работа. |
| ***Обука:***<br>- Вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis во континуитет имаат можност да следат обуки организирани од страна на Центарот за обуки на СЕП и тоа на следните теми:<br>o ИПА<br>o Европа 2020<br>o Acquis communautaire (од аспект на преведување)<br>o Гап анализа на извештајот на ЕК 2012 и Стратегијата за проширување<br>o Претпристапниот дијалог на високо ниво<br>- Одреден дел од вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis следат курсеви по француски јазик.<br>- 2 преведувачки следеа специјализирана обука – пренесување на хрватското искуство за водење на преговорите за членство во Европската унија за поглавје 23 и 24. | ***Обука:***<br>- Вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis во континуитет имаат можност да следат обуки организирани од страна на Центарот за обуки на СЕП и тоа на следните теми:<br>o ИПА<br>o Европа 2020<br>o Acquis communautaire (од аспект на преведување)<br>o Претпристапниот дијалог на високо ниво<br>- Одреден дел од вработените во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis следат курсеви по француски јазик, а двајца имаа можност да полагаат меѓународни тестови за познавање на нивото на францускиот јазик. |
| ***Техничка поддршка:*** Редовно ажурирање на регистарот за следење на процесот на преведување и ажурирање и надградба на терминолошките бази со нови термини и изрази (Мултитерм). | ***Техничка поддршка:*** Редовно ажурирање на регистарот за следење на процесот на преведување и ажурирање и надградба на терминолошките бази со нови термини и изрази (Мултитерм). |
| ***Терминологија:***<br>Собрани 18.048 термини од правните акти на ЕУ, од кои обработени се 562 термина. | ***Терминологија:***<br>Собрани 12.228 термини од правните акти на ЕУ. |
| ***Соработка со институции на ЕУ:***<br>- воспоставена е комуникација со Генералниот директорат за толкување и со Генералниот директорат за преведување на Европската комисија со цел полесно решавање на тековните предизвици од процесот на подготовка на националната верзија на acquis. | ***Соработка со институции на ЕУ:***<br>- по потреба се одржува и воспоставената комуникација со Генералниот директорат за толкување и со Генералниот директорат за преведување на Европската комисија со цел полесно решавање на тековните предизвици од процесот на подготовка на националната верзија на acquis. |
| ***Соработка со институции на РМ:***<br>- остварена е интензивна соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје и Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’ – Скопје, како и со Министерството за образование и нуака во делот на конференциското толкување и исполнување на условите кои произлегуваат од ова поле. За таа цел формирана е Работна група задолжена за следење на напредокот на ова поле. | ***Соработка со институции на РМ:***<br>- Постигнат е значителен напредок на полето на конференциско толкување што се должи на успешната работа на Работна група за конференциско толкување, а како резултат на тоа е изработена и навремено доставена апликација за добивање на грант од страна на Европската комисија, навремено распишан оглас за прием на кандидати за втор циклус – постдипломски студии по конференциско толкување. |

Во наредниот период, ќе се продолжи со напорите за интензивирање и подобрување на квалитетот на работа, за да се постигне целта: *Квалитетна национална верзија на правото на Европската унија, која ќе претставува сигурен извор на правата и обврските кои произлегуваат за македонските граѓани како резултат на евроинтегративниот процес.*

### 1.9.8. Ефикасна координација на програмирање, спроведување и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош

Национален ИПА координатор (НИПАК) - Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија одговорен за европски прашања (ЗПВРМ) е задолжен за вкупната координација на процесот на програмирање на ИПА инструмент на Европската унија. НИПАК обезбедува тесна врска меѓу општиот процес на пристапување и користењето на финансиската помош од Унијата, и е одговорен за следење и за процена на програмите на ЕУ. Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош при Секретаријатот за европски прашања (СЕП) постапува како оперативна служба на НИПАК (НИПАК секретаријат). Во исто време НИПАК ја врши и улогата на Национален координатор за странска помош. Овие две интегрирани функции, ЗПВРМ и НИПАК, имаат исклучително политичко и стратешко значење, како за процесот на пристапување и преговори, така и за националната стратешката реформска рамка, националните развојни приоритети и нивното долгорочно усмерување кон приоритетите на ЕУ и подготовка за црпење на фондовите на ЕУ, како идна земја членка.

Програмирањето на ИПА и друга странска помош и усмерувањето кон приоритетите на ЕУ, е, исто така, исклучително важно за подготовка на НПАА приоритетите, стратешките планови на институциите и програмирањето на сопствените буџетски средства. Во услови на ограничени ресурси, усогласеното програмирање на среднорочните и долгорочните приоритети утврдени во НПАА кон ЕУ приоритетите ќе обезбедат одржливост на сопствените реформи во исполнувањето на критериумите, избалансираност на националните и ЕУ приоритетите и оптимален распоред на ресурси.

Координацијата на програмирањето и следењето на ИПА инструментот има за цел: да се дефинираат односите и одговорноста меѓу соодветните институции на национално ниво вклучени во процесот на ИПА - програмирање, особено нагласувајќи ја подготовката, оцената и изборот на проекти за ИПА Компонента 1; да се подобри ефикасноста при искористување на средства од ИПА, односно да се изгради административен капацитет за успешно користење и да се подобри економичното искористување на средствата; и да се подобри меѓуминистерската координација и соработка. Во изминатиот период, зајакната е улогата на СЕП во процесот на подготовка и следење на спроведување на Оперативните програми. Редовно се одржуваат заеднички ИПА комитети за следење, како и секторски комитети за следење, при што заклучоците се спроведуваат тековно.

#### 1.9.8.1. <u>Инструмент за претпристапна помош (ИПА)</u>

ИПА инструментот за претпристапна помош има за цел да обезбеди насочена помош за земјите кандидати и за потенцијалните кандидати за членство во ЕУ, кон исполнување на критериумите за пристапување, како и по пристапувањето, да ги подготват за користење на програмите за управување и за спроведување на Кохезивниот фонд, Структурните фондови и Фондот за регионален развој на ЕУ.

На следната табела е прикажан распоредот на ИПА средства согласно повеќегодишната индикативна финансиска рамка (МИФФ 2011-2013), по компоненти и години:

| Компонента<br>Период | I | II | III | IV | V | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2007 | 41.6 | 4.1 | 7.4 | 3.2 | 2.1 | 58.5 |
| 2008 | 41.1 | 4.1 | 12.3 | 6.0 | 6.7 | 70.2 |
| 2009 | 39.3 | 4.4 | 20.8 | 7.1 | 10.2 | 81.8 |
| 2010 | 36.3 | 5 | 29.4 | 8.4 | 12.5 | 91.7 |
| 2011 | 28.8 | 5.1 | 39.3 | 8.8 | 16 | 98 |
| 2012 | 28.2 | 5.2 | 42.3 | 10.4 | 19 | 105 |
| 2013 | 27.9 | 5.3 | 51.8 | 11.2 | 20.1 | 117.2 |
| Вкупно | 243.2 | 33.2 | 203.3 | 55.1 | 86.6 | 622.5 |

**Компонента 1 - Помош при транзиција и институционална надградба**

Оваа компонента е наменета за јакнење на капацитетите на институциите и поддршка за исполнување на критериумите поврзани со усвојувањето на правото на ЕУ. Таа, исто така, претставува основа со која се опфаќаат мерки од компонентите 3, 4 и 5 и се поддржува учеството на Република Македонија во Програмите и Агенциите на Унијата. Финансиската помош од оваа компонента се реализира преку национални и регионални програми и проекти.

| Потпишани Финансиски спогодби | Дата на потпишување/статус | Износ на потпишани Финансиски спогодби/статус | Краен рок за склучување на договори |
|---|---|---|---|
| 2007 прв дел | 30.10.2007 | 41.600.000 | 30.10.2009 |
| 2007 втор дел | 19.05.2008 | | 19.05.2010 |
| 2008 [1] | 23.02.2009 | 41.122.000 | 23.02.2011/23.02.2012 |
| 2009 | 21.12.2010 | 37.060.500 | 21.12.2013 |
| 2010 | 1.12.2011 | 39. 980.000 | 1.12.2013 |
| 2011 | 20.11.2012 | 28.800.000 | 20.11.2015 |
| **ВКУПНО** | | **188.562.500** | |

**Компонента 1 – Помош при транзиција и институционална надградба – Повеќе-корисничка програма**

Повеќекорисничката програма е наменета за сите земји од регионот на Западен Балкан. Во оваа програма се спроведуваат проекти од заеднички интерес, како што се: СИГМА, РесПА, Статистика, итн. Еден од иструментите во рамки на Повеќе-корисничката ИПА е и Инвестициска рамка за Западен Балкан (Western Balkan Investment Framework), преку која се усмеруваат инвестиции во регионот.

Заклучно со деветиот повик, преку овој инструмент за Република Македонија е одобрена вкупна помош во грантови од 19.420.000 евра за следните проекти:

- Техничка помош за реформи во Затворската установа „Идризово“ во износ од 500.000 евра;
- Физибилити студија за пилот проект за фарма на ветерници, во износ од 400.000 евра;
- Конструкција на 400kV надземна линија интерконеција Македонија - Србија, во износ од 100.000 евра;
- Рехабилитација на здравствените установи, во износ од 2.000.000 евра;
- Физибилити студија и студија за процена на влијание за животна средина за производство на електрична енергија и компоненти за наводнување од проектот Злетовица, во износ од 1.000.000 евра;
- Физибилити студија за 400kV за интер-конекција Македонија – Албанија, во износ 650.000 евра;
- Конструкција на железничка линија Куманово – Деве Баир, источен дел од Коридор 8, сегмент Куманово – Бељановце, во износ од 1.500.000 евра;
- Национален систем за гасификација, во износ од 170.000 евра;
- Реконструкција и доградба на објектите на Јавните здравствени установи во Република Македонија (прва фаза), во износ од 3.000.000 евра;
- Изградба на фискултурни сали во средни училишта (фаза 1), во вкупен износ од 1.000.000 евра;
- Изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта (фаза 2), во вкупен износ од 2.000.000 евра;
- Изградба на железничка пруга Куманово – Деве Баир, граница со Република Бугарија, источен дел од Коридор 8, делница Куманово – Бељаковце (надзор над градба), во вкупен износ од 2.500.000 евра;
- Изградба на железничка пруга Куманово – Деве Баир, граница со Република Бугарија, источен дел од Коридор 8, делница Бељаковце – Деве Баир (подготовка на основни проекти, во вкупен износ од 2.700.000 евра;
- Детален дизајн за 400 kV гасоводна интеконекција за делот Битола (МК) – Елбасан (АЛ) вклучувајќи линија и под – станица, делот за МК и 400/110 kV SS Охрид во вкупен износ од 900.000 евра;

1 Финансиска спогодба е изменета со 12 месечно продолжување на рокот за склучување на договори за ТЕТРА фаза 2

- Ажурирање на постојната студија за изводливост, подготовка на студии за влијание врз социјалата и животната средина за автопатот Скопје – Блаце, секција: надвозник „Стенковец“ – Блаце (12,5 км) и подготовка на прелиминарен дизајн и детален дизајн за само 3 км од оваа секција. во вкупен износ од 1.000.000 евра.

## Компонента 2 – Прекугранична соработка

Компонетата за Прекугранична соработка поддржува прекугранични активности помеѓу земјите корисници на ИПА, како и помеѓу самите земји ИПА-корисници и земјите членки на ЕУ, обезбедувајќи учество онаму каде што тоа е соодветно за земјите кандидати/потенцијални кандидати во транснационалните и интеррегионалните програми за соработка на Европскиот фонд за регионален развој (ERDF) и/или во поморските програми на Инструментот за европско соседство и партнерство (ENPI).

Ваквата помош поттикнува соработка која има за цел да ја поддржува стабилноста, безбедноста и просперитетот, што е заеднички интерес за засегнатите земји, како и охрабрување на нивниот хармоничен, избалансиран и одржлив развој. Вкупниот број на проектни предлози одобрени за финансирање во Републима Македонија изнесува **142 проекти**, во периодот од 2007-2013 година.

| Статус на спроведување на ИПА Компонента 2 – Прекугранична соработка | |
|---|---|
| Програма за преку-гранична соработка со Бугарија | Успешно спроведени два повика со одобрени вкупно 53 проекти. Третиот повик беше објавен на почетокот на 2013 година и истиот е во фаза на евалуација – |
| Програма за преку-гранична соработка со Грција | Успешно спроведени два повика со одобрени 38 проекти. Третиот повик во тек, беше објавен на 23.05.2013 година и ќе биде отворен до 23.08.2013 година. |
| Програма за преку-гранична соработка со Албанија | Досега објавени три повика со одобрени вкупно 41 проекти. Распределбите за 2012-2013 се пренасочени во Компонента 1, за проекти за модернизација на граничните премини со Албанија и Србија. Во таа насока не се очекуваат нови повици. |
| Програма за преку-гранична соработка со Косово | Потпишани се двете **Спогодби за финансирање (за 2010 и 2011 година)** за програмата со Косово во вкупен износ од **2,4 мил.евра,** од кои 1,2 мил.евра се сметаат за индикативно достапни за македонската страна. Овие средства ќе бидат насочени кон објавување на Повик за проектни предлози (грантова шема), што се очекува да биде објавен во текот на оваа 2013 година. Двете земји пристапија кон спроведување на заеднички избран стратешки инфраструктурен проект - кон изградба на заедничка зграда на граничниот премин Белановце – Станчиќ, проект кој ќе биде финансиран од идните програмски прераспределби од оваа Програма. |
| ЕРДФ Транснационална Програма SEE | Објавени се 4 повика во рамките на ЕРДФ Транснационалната програма за Југоисточна Европа. Досега се потпишани 10 договори со успешни апликанти од РМ. |

## Компонента 3 – Регионален развој

Оваа компонента овозможува пристап на земјите кандидати за членство и ги пресликува, Европскиот фонд за регионален развој (ERDF) и Кохезиониот фонд, со што овозможува на земјите корисннчки да се приближат до практиките на Структурните фондови, почитувајќи ги притоа правилата за Надворешна помош.

| Компонента 3 – Регионална соработка | | |
|---|---|---|
| Финансиска спогодба | Дата на потпишување | Износ на потпишани ФС |
| 2007 | 18.09.2009 | 7.400.000 |
| 2008 | | 12.300.000 |
| 2009 | | 20.800.000 |
| 2010 | 10.01.2011 | 29.400.000 |
| 2011 | | 39.300.000 |
| 2012 | Во процедура | 40,949,982 |
| 2013 | Во процедура | 49,776,471 |
| **ВКУПНО** | | **199.926.453** |

| |
|---|
| - Подготвена и доставена Платформа за ревидирање на повеќегодишната Оперативна програма за Регионален развој за периодот 2010 – 2011 година и донесена е Одука на ЕК C(2010)7569 за усвојување на модификацијата со вклучување на финансиските средства за 2010 и 2011 година (или дополнителни 69 милиони евра). Спогодбата помеѓу ВРМ и ЕК е потпишана по пат на размена на писма на 21.12.2010 година;<br>- Во модификуваната програма за 2010 и 2011 повеќето проекти се насочени кон подготовка на техничка документација во делот на животната средина, како и делумна модернизација на железничката инфраструктура (пр. Железничка станица во Скопје);<br>- Одобрена е модификација на Оперативната програма за 2012-2013 година од Европска комисија;<br>- Склучен е договор со изведувач за Проектот за изградба на Коридор X врз основа на што објавени се тендери за избор на надзор и изведувач на градежните работи;<br>- Одржани се два состанока на Секторскиот мониторинг комитет во текот на 2012. Во завршна фаза на имплементација е интерим евалуацијата за оваа компонента врз основа на која е направена последната ревизија на Оперативната програма за 2012-2013 година. |

## Компонента 4 – Развој на човечки ресурси

Компонентата 4 која се однесува на развојот на човечките ресурси е достапна за земјите кандидати за членство, ќе им помогне во програмирањето, имплементацијата и управувањето со Европскиот социјален фонд, во рамките на Европската стратегија за вработување. Оттука, целите на оваа компонента ќе бидат фокусирани на социјалната инклузија, образованието и обуката (доживотно учење), активен пазар на трудот и еднаквоста на мажите и жените.

| **Компонента 4 – Развој на човечки ресурси** | | |
|---|---|---|
| Потпишана Финансиска спогодба | Дата на потпишување | Износ на потпишани ФС |
| 2007 | 19.10.2009 | 3.200.000 |
| 2008 | | 6.000.000 |
| 2009 | | 7.100.000 |
| 2010-2011 | 13.12.2011 | 17.200.000 |
| 2012-2013 | 19.12.2012 | 20.924.000 |
| **ВКУПНО** | | **64.028. 327** |
| - Усвоена е модификацијата на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси, со вклучување на дополнителни финансиски алокации за 2010 – 2011 година и 2012-2013<br>- Одржани се два состанока на Секторскиот мониторинг комитет за оваа компонента во 2012Завршена е интерим евалуација за оваа компонента врз основа на која се подготвуваше последната ревизија на Оперативната програма за 2012-2013 година. | | |

## Компонента 5 – Рурален развој

Оваа компонента им помага на земјите кандидати за членство да се подготват за програмите на ЕУ за рурален развој, односно управување и имплементирање на Заедничката земјоделска политика на Заедницата, преку имплементирање на претпристапната помош низ системи кои ќе бидат слични на оние кои се неопходни за имплементација на помошта по пристапување.

Оваа компонента им помага на земјите кандидати за членство да се подготват за програмите на ЕУ за рурален развој, односно управување и имплементирање на Заедничката земјоделска политика на Заедницата, преку имплементирање на претпристапната помош низ системи кои ќе бидат слични на оние кои се неопходни за имплементација на помошта по пристапување.

| Потпишана Финансиска спогодба | Дата на потпишување | Износ на потпишани ФС |
|---|---|---|
| 2007 | 19.02.2010 Спогодбата стапи на сила на 12 април 2010 година | 2.100.000 |
| 2008 | | 6.700.000 |
| 2009 | | 10.200.000 |
| 2010 | | 12.500.000 |
| 2011 | 18.03.2011 Спогодбата стапи на сила на 06.06.2011 | 14.000.000 |
| **ВКУПНО** | | **45.500.000** |

| **Следење на имплементацијата на ИПА проекти во СЕП:** |
|---|
| **Проект-Твининг, Понатамошно јакнење на организационите и институционалните капацитети за процесот на преговарање (2013/2014 година – 2015/2016)** |
| Во текот на 2014 година, ќе се започне со изработка на твининг проектно фише за проектот, насочен за поддршка на процесот на |

| |
|---|
| преговори (поддршка на главниот преговарач, тимот на главниот преговарач, СЕП, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат). Покрај ова, предвидено е и помош за институциите кои ќе имаат најобемна и најтешка задача во процесот на преговарање и на отворањето и затворањето на поглавјата. За спроведување на проектот потребно е да се издвојат 105.000 илјади евра национално ко-финансирање, а целиот проект е 2.100.000 илјади евра. Секретаријатот планира да ја усклади динамиката на проектните активности и сопствените активности. |

### 1.9.8.2. Програми и Агенции на Унијата

Програмите на Унијата претставуваат интегриран пакет на активности усвоен од ЕУ, со цел унапредување на соработката помеѓу земјите-членки, и тоа во разни области поврзани со политиките на Унијата, во период од неколку години.

Примарна цел на програмите беше приближување на политиките и активностите на Европската унија кон европските граѓани, како и креирање додадена вредност од ЕУ за националните напори на земјите-членки во дадена област. Во програмите можат да учествуваат сите правни субјекти, а во одредени случаи и физички лица (поединци) од тие држави.

Секретаријатот за европски прашања е координатор на сите активности кои произлегуваат за учество во Програмите.

Република Македонија е полноправна членка во 10 програми:

- Седма рамковна програма за истражување (ФП7) 2007- 2013 (членка од 2007 година);
- Рамковна програма за компетитивност и иновација, потпрограма за претприемништво и иновација (ЦИП-ЕИП) (членка од 2007 година);
- Рамковна програма за компетитивност и иновација, потпрограма за интелигентна енергија - Европа (ЦИП – ИЕЕ) (членка од 2011 година);
- Програма за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕС;
- Култура 2007- 2013 (членка од 2008 година);
- Европа за граѓаните (членка од 2009 година);
- Фискалис 2008- 2013 (членка од 2009 година);
- Царини 2008- 2013 (членка од 2009 година);
- Финансиски инструмент за цивилна заштита 2007-2013 (членка од 2012 година)
- Доживотно учење и Млади во акција – централизирани акции (членка од 2012 година).

Програма на Унијата за која е започнат процесот на пристапување за учество:

- Програмата Медија - ГД образование и култура на Европската комисија предложија склучување на Меморандум за разбирање со цел учество во активностите посветени на обуката од програмата како прв чекор пред постигнување на целосна усогласеност со аудиовизуелното acquis кое е предуслов за целосно учество во сите акции програмата, за таа цел од Министерството за култура е номинирано лице кое ќе учествува во преговорите на Меморандумот за разбирање за програмата.

**Табела 1: Комуникација и соработка со Агенции на Унијата, кои се од интерес на државата**

| Агенција на Унијата | Статус |
|---|---|
| Европска агенција за фундаментални права (FRA) | Оваа агенција е отворена за земјите-кандидати само во својство на набљудувач. На 1312.2010 година, ЕК ја усвои Предлог одлуката на Советот за стабилизација и асоцијација за учество на РМ како набљудувач во работата на ЕУ Агенцијата за фундаментални права. Министерство за правда и Министерство за надворешни работи се национални партнери. |
| Европска агенција за животна средина (EEA) | Република Македонија има статус на земја соработничка. Претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање редовно присуствуваат на состаноците на националните контакт точки и редовно се доставуваат податоци и информации до сите 5 европски тематски центри за вода, воздух, почва, отпад и биодиверзитет. |
| Европски центар за превенција и контрола на болести (ECDC) | Министерство за здравство соработува со ECDC како набљудувач. |
| Европски мониторинг центар за droги и зависност од дроги (EMCDDA) | Центарот за дрога и зависност од дрога (во рамки на Министерство за здравство) соработува со EMCDDA како набљудувач. |
| Европска агенција за лекови (EMEA) | Бирото за лекови и Ветеринарна управа соработува со EMEA како набљудувач. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Европска агенција за безбедност на храна (EFSA) | Дирекцијата за храна соработува со EFSA како набљудувач. |

| | |
|---|---|
| Европска агенција за безбедност и здравје при работа (ЕУ-OSHA) | Државната трудова дирекција соработува со ЕУ-OSHA како набљудувач. |
| Европска фондација за обука (ETF) | Министерство за образование и наука соработува со ETF и Cedefop како набљудувач. |
| Европски центар за развој на стручна обука (Cedefop) | |
| Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) | Агенцијата за цивилно воздухопловство има склучено договор за соработка со EASA. Целосно учество е можно по пристапувањето во ЕУ |
| Европската агенција за хемикалии (ECHA) | Бирото за лекови соработува со ECHA како набљудувач. |
| Канцеларија за хармонизација на внатрешниот пазар (трговски марки и дизајни) (OHIM) | Државниот завод за индустриска сопственост соработува со OHIM како набљудувач. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Канцеларија на растителни сорти на заедницата (CPVO) | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство соработува со CPVO како набљудувач. |
| Европска агенција за управување со оперативна соработка на надворешните граници (FRONTEX) | Министерство за внатрешни работи потпиша договор за соработка. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Европска агенција за железници (ERA) | Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги е утврдена. Амбиции за идно интензивирање на соработката со ERA. |

## 1.9.8.3. TAIEX

TAIEX (The Technical Assistance Information Exchange Office – Техничка помош за размена на информации) преставува краткорочна техничка помош за земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки од Западен Балкан, во областа на приближување, примена и спроведување на правото на ЕУ, како и во надградбата на неопходната административната структура. TAIEX се финансира од повеќе-корисничката програма ИПА, по принципот „прв пријавен, прв услужен".

Координатор на TAIEX активностите во Република Македонија е СЕП. Барањата за експертска помош, организирање на работилници и студиски престои се праќаат преку СЕП, до Делегацијата на Европската Унија, а информациите од TAIEX канцеларијата во Брисел, прво се доставуваат во Мисијата на Република Македонија во Брисел, а потоа се проследуваат преку СЕП, до надлежните органи.
Република Македонија активно го користи овој исклучително важен инструмент процесот на пристапување.

| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени | 198 | 193 | 150 | 188 | 192 |
| Не одобрени | 88 | 88 | 45 | 23 | 29 |
| Се чека одговор | 0 | 15 | 0 | 30 | 16 |
| **Вкупен број на апликации** | **286** | **296** | **195** | **241** | **237** |

## 1.9.8.4. TWINNING

Во изминатиот период, СЕП ја зајакна својата координативна улога како Национално контакт лице за твининг инструментот. Изработен е твининг прирачник во согласност со насоките на Европска Комисија. Прирачникот е усвоен од страна на ВРМ и дистрибуиран до потенцијалните корисници.

Во врска со институционалното јакнење, твининг инструментот продолжува да биде преферирaн модел, за проекти, каде е важна релевантната експертиза на твининг земјите членки, за транспонирање acquis и хармонизација на националното законодавство во одредени области, и пренесување на нивното експертско знаење и искуство на институцијата – партнер.

Вкупен број планирани твининг проекти од ИПА 2007-2013 се 49, од кои 44 во рамки на ИПА 1 и 5 во рамки на компонента 4.

Во тек е подготовка на твининг проект – Понатамошно јакнење на организациските и институционалните во, капацитети за процесот на преговори (2013 година), што е од клучно значење за Секретаријатот за европски прашања.

## 1.9.8.5. Билатерална соработка

Во однос на билатералната соработка насочени сме кон активен пристап кон билатералните партнери. Принципите на иницијативност и сопственост се основните водилки во работењето, при што се настојува

дополнително да се зголеми успешноста во искористувањето на програмите, и нивно насочување кон НПАА области.

Посебен акцент се става на активностите за задржување на билатералните партнери во Република Македонија, а во контекст на постоечкиот тренд во регионот за постепено повлекување. Редовно се потпишуваат спогодби за соработка со Словенија, Кралство Норвешка, НР Кина, Јапонија и други, што е добар показател за продолжувањето и понатамошното унапредување на билатералната соработка.

Во периодот 2012-2013 година бевме насочени кон:
*Билатерални спогодби и програми:*

- Потпишани се нови билатерални Спогодби со Словенија, НР Кина, а подготвени се годишни проектни програми со Кралството Норвешка и други билатерални партнери;
- Реализирани подготвителни активности во *рамки на проектна соработка со Словачка* (идентификувани приоритетни инфраструктурни проекти);
- Иницирани активности за зајакнување на комуникацијата и соработката со Швајцарија и САД во рамки на билатералните програми што се спроведуваат; Остварени иницијални контакти со други потенцијални билатерални проектни партнери од и надвор од ЕУ.

*Проекти:*

- Успешно е реализиран проект за отворање на модуларно основно и средно училиште во општина Илинден, финансирано во соработка со Словенија (вкупен износ на средства 1,5 милиони евра);
- Започната е изградбата наизградба на ОУ „Рајко Жинзифов“, Скопје – вкупен износ на средства: 3,5 милиони евра;
- Во тек на реализација е продолжување на Проект за Воведување на одржлив систем за ЕУ обуки (Кралство Норвешка) – вкупен износ на средства од 0,7 милиони евра;
- Во тек е подготовка на проекти за изградба на ОУ во Гази Баба и Тетово, со поддршка од НР Кина – вкупен износ на средства: 3 милиони евра;
- Реализирани обуки во повеќе области во рамки на програмите за 2013 година со повеќе донатори.

| **Следење на тековни проекти од билатералната соработка, кои се имплементираат во СЕП:** |
|---|
| **Проект: Програмски пристап за испорака и координација на странска помош (ПБА).**<br>Проектот има за цел воведување на програмскиот пристап во програмирањето на секторските приоритетни области. Во рамките на проектот, реализирани се повеќе настани, формирани се ПБА работни тимови по одредени (7) сектори, спроведена е темелна обука на ПБА работните групи. Во следниот период, се планира понатамошно јакнење на капацитетите, подготовка на методологија за имплементација на ПБА акциски планови за секоја секторска област, како и организација на донаторски состанок. |
| **Проект: Одржливо учење за ЕУ и систем за обуки (Кралство Норвешка).**<br>Проектот има за цел јакнење на капацитетите на СЕП за поставување конзистентен систем на ЕУ обуки. Во рамките на проектот, реновиран е и целосно опремен Центарот за обуки, опремена е една училница и една компјутерска лабораторија со 30 ПЦ, и воведена е софтверска платформа за ЕУ учење и обуки, како интерактивна алатка во процесот на учење. Во рамките на проектот, спроведени се низа напредни програми: (1) Институциите на ЕУ и процесот на одлучување (46 лица), (2) ЕУ транспортна политика (28 лица) и студиско патување; (3) ЕУ проектно управување (28 лица), (4) Регионална политика (28 лица), за кое е планирано студиско патување и дополнителна обука. Во наредниот период, се планира спроведување на програми од областа на: ИКТ политики и Внатрешен пазар, како и студиски посети. Исто така, се планира, како и поставување интегрална рамка на платформата за конзистентно институционално јакнење за ЕУ преку Центарот за обуки на СЕП, како и подготовка на национален модел на политика за задржување на кадрите во државната администрација, користејќи ги искуствата на земјите членки. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #2: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРЕГОВОРИ

### 1.9.9. Зајакнување на позицијата на Република Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ

Во изминатиот период, СЕП-Мисија Брисел правеше континуирани напори за воспоставување на главните смерници за работа и комуникациски канали по сите клучни компоненти на процесот на пристапување, и темелна подготовка за отпочнување и водење на преговорите за членство на Република Македонија во Европската унија.

СЕП-Мисија Брисел, согласно своите надлежности, континуирано ги развива поставените механизми на координација и комуникација помеѓу СЕП, МНР и Мисијата на Република Македонија при ЕУ со телата (ЕП, Советот, ЕК), со цел зголемување на нивната ефикасниот и проширување на комуникациските канали со релевантните институции на ЕУ. Клучни активности во изминатиот период се:

- *Поддршка во организација и подготовка на состаноците на работните тела на ССА* (поддршка на организацијата на КСА и состаноци на ко-претседавачите на сите поткомитети и специјалната група за РЈА, и редовна комуникација со ГД на ЕК за проширување, заради обезбедување конзистентност во подготовките и настапите;

- *Продлабочување на дијалогот со Генералните директорати на ЕК* (организирање на редовни технички состаноци со ГД за проширување и сите други надлежни ГД-ти согласно потребите);

- *Продлабочување на постојаните контакти со ПП земјите членки:* Активно искористување на искуствата на земјите членки на ЕУ за процесот на подготовка на национални преговарачки стојалишта; Проширување на постојани контакти со ПП на земјите членки и земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Брисел за прибирање на информации за практичните искуства во врска со преговарачкиот процес, начинот на подготовка, практичната организација на преговарачките структури и особено улогата и структурата на Мисиите пред, за време и по стапувањето во членство;

- *Поддршка на организација на состаноци на Заеднички консултативен комитет за граѓанско општество ЕКОСОК, ЗКК (РМ-ЕУ Комитет на Регионите)* (комуникација на програми за состаноци, материјали, подготовка на излагања, презентации и логистичка поддршка на делегации)

- *Поддршка на координацијата на процесот на отпочнување на преговори* (поддршка на координацијата и редовни состаноци со претставници од постојните претставништва на земји членки, состаноци со претставници на земји кандидатки со цел размена на искуствата, состаноци на Секретаријатот на Советот на ЕУ и со ГД за проширување надлежни за преговорите)

- *Поддршка на комуникација на претпристапна помош (ИПА)* (Редовни месечни средби со релевантни Директорати на ЕК за секоја ИПА компонента поврзани со програмирање и имплементација на помошта, како и подготовка на секторските мониторинг комитети; Комуникација со релевантни директорати за TAIEX и Програми и Агенции на Унијата; Редовна комуникација со ЕК за Регионалните програми на ИПА; Редовни месечни средби со релевантни Директорати на ЕК за секоја компонента

- *Следење на работата на институциите на ЕУ (ЕК, Совет, Комитет на региони)* (Следење на Заклучоци на Советот, Стратешки документи, нови регулативи и извештаи; Работа на Комитети и РГ во соодветни ГД; Дистрибуција на релевантни информации за напредокот на РМ)

- *Логистичка, организациска и техничка поддршка на делегации на РМ во Брисел* (Подготовка на програми за посети на ЗПВРМ, ДС и други делегации, пренесување на ставови, пораки)

  СЕП-Мисија Брисел ќе продолжи да ги развива активностите по сите клучни компоненти на процесот на пристапување, и ќе ги интензивира напорите за отпочнување на преговорите. Исто така, ќе продолжи со подготовка на квалитетни информации и анализи за одредени прашања од интерес за Република Македонија и соодветно да ги дистрибуира. Во рамките на подготовките за отпочнување на преговорите, се планира зајакнување на капацитетите на мисијата.

### 1.9.10. Формирање и операционализација на структурата за преговори

СЕП во изминатиот период ги отпочна методолошките подготовки за формирање и операционализација на структурата за преговори: (1) Се подготви сеопфатна анализа на преговарачкиот процес и соодветен Предлог за Националната структура за преговори; (2) Подготвен е Предлог систем за информирање на текот на преговорите, како и обрасци за преговарачките позиции. Активностите се усогласуваат со СЕП-Мисија Брисел.

Спроведени се низа програми за обуки на различни целни групи, претставници на СЕП, МНР, членови на НПАА работни групи, и раководители на институциите. Спроведени се систематски обуки за преговорите, симулации на водењето на преговорите и подготовка на преговарачки позиции, вештини на преговарање, итн. Исто така, се користат досегашните програми за соработка со земји-членки на ЕУ за усмерување кон одредени НПАА области каде е потребна подлабока анализа на acquis. Така, Министерството за образование и наука, со поддршка на СЕП и проект финансиран од Британската влада, подготви комплетна анализа на поглавје 3/ подрачје – взаемно признавање на професионални квалификации, анализа на влијанието на регулативата (РИА), како и Акционен план за имплементација.

Подготвен концептот за дизајн на информатичката платформа за следење на преговорите и потребните функционални модули. Се планира, понатамошна подготовка на функционален модул за следење на сите настани на координативните структури во процесот на преговори, како и модул за следење на статусот на преговорите и дизајн на интегрирана платформа ЕУ-портал, за следење на преговори.

Се планира отпочнување на твининг проект, "Понатамошна поддршка на процесот на преговори", насочен кон јакнење на капацитетите на преговарачката структура (поддршка на главниот преговарач, тимот на главниот преговарач, СЕП, МНР, Секретаријатот за законодавство, и Генералниот секретаријат). Покрај ова, предвидено е и помош за институциите кои ќе имаат најобемна и најтешка задача во процесот на преговарање и на отворањето и затворањето на поглавјата. Истиот реално би започнал со имплементација во текот на 2014 година. За спроведување на проектот потребно е да се издвојат 105.000 илјади евра национално ко-финансирање.

### 1.9.11. Квалитетна подготовка на аналитички преглед и оценка на степенот на хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ

СЕП во континуитет се подготвува за спроведување на аналитичкиот преглед на законодавството (скрининг), првиот чекор во процесот на преговорите. Подготовките се однесуваат на ажурирање на целокупното национално и ЕУ законодавство, воведување на алатки за анализа и аналитичкиот преглед на законодавството, спроведување низа обуки за јакнење на капацитетите, како и усмерување на донаторска помош кон одредени области каде е потребна подлабока анализа.

Имајќи го во предвид новиот пристап на Европската комисија за преговори во Поглавје 23 - Судството и Фундаменталните права и Поглавје 24 - Правда, слобода и безбедност, Република Македонија во минатата година го отпочна процесот на утврдување на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ и по сопствена иницијатива и про-активно спроведува т.н. "self-skriningscreeing" во поглавјата 23 и 24, со што се дефинираат идните предизвици кои треба да се исполнатадресираат..

Секоја година со донесувањето на годишната ревизија на НПАА, се врши ажурирање на листата на национални прописи кои се усогласуваат со ЕУ законодавството, а паралелно се ажурирање ажурираат на ЕУ мерките кои се предмет на усогласување. Тоа е добра основа за отпочнување на сопствен аналитички преглед на усогласеноста на законодавството.

Реализиран е циклус обуки за НПАА работните групи со кои беа опфатени фундаментални принципи за ефективни преговори за пристапување кон ЕУ, препораки за институционална рамка за преговорите за пристапување кон ЕУ, начините за подготовка, скрининг и билатерален скрининг, транзициски периоди, фискалните ефекти поврзани со пристапот на земјата кандидат кон ЕУ итн.;

Во соработка со Секторот за економски политики и регулаторна реформа, воведена е методологија за анализа на влијанието на регулативите (РИА) на правните прописи, подготвен е прирачник, и спроведени се обуки во 15 министерства. Алатката е клучна во анализата на законодавството на ЕУ и националното законодавство и подготовка на институциите за аналитичкиот преглед;

Во соработка со Секретаријатот за законодавство, посебна работна група, составена од претставници на МЖСПП, ВЕТ, СЕП и СЗ, изврши методолошки прилагодувања во правните инструменти за аналитички преглед

на законодавството, и тоа: (1) Одлуката за востановување на ознака на прописите на Европската унија во подзаконските прописи со кои се врши усогласување со правото на Европската унија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2010 од 18.03.2010 година); (2) Одлуката за изменување на одлуката за обрасците на придружното писмо и меморандумот, содржината и формата на кореспондентната табела и на изјавата на усогласеност на прописот со законодавството на Европската унија („Службен весник на Република Македонија" бр .92/2010 од 9.07.2010 година). Со цел воведување на правните инструменти во подготовката на правните прописи, реализирани се циклус обуки за техниките на транспозиција и користењето на Кореcподентните табели (ЕУ-МК, МК-ЕУ), како и Изјавата за усогласеност. Обуките се спроведени од страна на СЕП, за околу 150 државни службеници.

Направено е техничко прилагодување на законодавниот модул на НПАА порталот, за подготовка на сопствен скрининг – аналитички преглед на усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како прв чекор во процесот на преговорите. Понатамошното прилагодување ќе се усогласи според утврдена динамика на подготовките.

Во наредниот период, СЕП ќе продолжи со усмерување на сегашните програми за соработка со земји-членки на ЕУ во врска со понудената техничка помош кон анализа на постоечкото acquis во одреден области, како и проширување на соработката преку Годишни програми со други земји членки на ЕУ.

### 1.9.12. Зајакнување на човечкиот капацитет кој работи на ЕУ интеграцијата

Секретаријатот за европски прашања, согласно определбата за јакнење на институционалните капацитети во процесот на европска интеграција и стратегијата за ЕУ обука, континуирано посветува посебно внимание на јакнењето на капацитетите, не само на вработените во СЕП, туку и на мрежата на сектори за европска интеграција во институциите, членовите на НПАА работни групи, ИПА оперативните структури, целни групи кои работат на одредени области, како и целни групи на државни службеници кои се на раководно ниво.

Со цел јакнење на институционалните капацитети, СЕП воспостави долгогодишна соработка со низа земји членки на ЕУ, преку посебно дизајнирани програми: поддршка од Француската Влада, МАТРА ПАТРОЛ – поддршка од Холандската влада, „Одржливо учење за ЕУ и систем за обуки„ поддршка од Кралството Норвешка, итн. Обуките опфаќаат како хоризонтални ЕУ обуки, така и специфични секторски обуки. Посебно внимание се посветува на јакнење на капацитетите на целните групи во подготовката за преговори.

*Развој на човечки ресурси и стандарди на квалитет*: СЕП продолжи да работи на имплементација на стандардите за човечки ресурси, и воведување на модел на управување заснован на компетенции и јакнење на капацитетите на мрежата на човечки ресурси. Формирана е работна група за компетенции, и одржана се повеќе работилници на оваа тема. Активностите се усогласени со Стратегијата за реформа на јавната администрација и активностите на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА).

*ИСО стандарди:* СЕП успешно ги спроведува и надоградува имплементираните стандарди за управување со квалитетот во работењето ИСО 9001:2008 и стандардот за заштита на животната средина ИСО 14001:2004. Со доследното спроведување на стандардите се постигнува врвен квалитет во однос на работењето со строго спроведување и контролирање на работните процеси во институцијата. Еден од врвните приоритети на СЕП е континуирано спроведување, надоградување и ресертификација на ИСО стандардите.

*Поддршка од Француската Влада:* Во рамките на оваа програма, спроведени се обуки во повеќе области: ИПА Стратегија за комуникација и визибилност, Информатички систем за управување и следење на ИПА – PRESAGE, Менаџмент во јавниот сектор, е-влада и стратешко планирање. Поддршка и јакнење на капацитетите на Центарот за обука на СЕП, како и други програми за локална и централна власт. Оваа програма продолжува и во 2013 година.

*Норвешката помош преку ТБО* овозможи во март 2012 година одржување на првата презентација на процесот на европска интеграција во Република Македонија во Европскиот Парламент (EP Hearing).
*Норвешкиот проект „Одржливо учење за ЕУ и систем за обука„ неколку години наназад* ,,систематски ја подготвува администрацијата за водење на преговори. Целни групи се државни службеници од СЕП, членови на НПАА работните групи, целни групи од одредени сектори, раководни лица.

*МАТРА ПАТРОЛ:* поддршка од Кралството Холандија, започна да се спроведува во 2012 и со засилен интензитет во 2013 година. Обуките се посебно дизајнирани за одредени секторски политики, и тоа: Управување со јавни финансии, пристап до правда, интегритет на државната администрација, децентрализација, јавни набавки, алтернативно разрешување на спорови, спроведување и управување на правниот систем, спроведување и примена на правото.

Во рамките на Секретаријатот за европски прашања веќе осум години по ред се реализира пракса на студенти од домашни и странски факултети. Динамиката на реализацијата на стажирањата во Секретаријатот во периодот од јануари - август 2013 година, е следната: додека реализиран волонтерски стаж - 7 волонтери.

### 1.9.13. Зајакнување на Центарот за обуки и систематско јакнење на капацитетите за процесот на преговори

СЕП, согласно својата надлежност, како централно координативно тело на процесот на пристапување, целно ги усмерува донорските средства кон приоритети за јакнење на капацитетите и институционална надградба. Исто така, СЕП координира посебно дизајнирани програми за јакнење на капацитетите, хоризонтални ЕУ обуки, обуки за ИПА структурите, како и во посебни области на јавните политики на ЕУ и обуки за јакнење на капацитетите за преговори.

Со цел формирање конзистентна институционална рамка за јакнење на капацитетите за ЕУ, Секретаријатот формираше организациска единица, *Центар за обуки на СЕП. Преку* поддршката од ИПА проектот 2007 – 'ИПА ТСФ, како и преку проектот 'Одржлив систем на ЕУ и систем за обуки' (Кралство Норвешка), со комплементарни активности, се пружа максимална поддршка на активностите на Центарот и плановите за понатамошниот развој.

Центарот за обуки на СЕП е извонредно важна компонента на вкупните подготовки на администрацијата и јакнењето на капацитетите за подготовка, отпочнување, водење и завршување на преговорите. Подготовките на администрацијата, од аспект на организација, координација, стручна анализа, примена на методологии, стандардни аналитички и правни алатки, и подготовка на преговарачки стојалишта, треба да вклучуваат посебно дизајнирани програми за посебни целни групи, како и воведување на методолошки пристап и стандарди на квалитет во обуките. Целните групи, на прво место се членовите на сите координативни структури во процесот на пристапување и целокупната администрација која учествува во хармонизацијата, имплементацијата и спроведувањето на acquis (НПАА). Проектираниот број на лица директно вклучени во процесот (членови на разни координативни и оперативни структури како и членови на ИПА националната оперативна структура) кои систематски треба да бидат обучени во следните неколку години е приближно 3000.

Објектот на Центарот за обуки е целосно реновиран, и опремен, вклучително и компјутерска лабораторија со 30 персонални компјутери, со посебно дизајнирана интерактивна платформа за ЕУ учење и обука. СЕП обезбеди буџетски ресурси за одржување на Центарот.

СЕП планира јакнење на капацитетите, по системот '*обука на обучувачи',* и каскадно спроведување обуки на целни групи, на централно, регионално и локално ниво, како и систематско планирање и ангажирање на странски и домашни експерти/ предавачи за напредни и специфични експертски обуки.
Развиен е системот на обука на обучувачи за ИПА: спроведени се посебно дизајнирани обуки за ИПА обучувачи, Веќе се обучени и сертифицирани 23 обучувачи (од кои 8 од СЕП), за спроведување на ИПА обуки, кои потпишаа договор со Секретаријатот на четири години, со обврска да бидат на располагање за обука. Исто така, развиени се 13 Курикулуми за ИПА обуки (општи и специфични) и подготвени соодветни едукативни материјали и упатства. Ова беше овозможено преку проектот ИПА ТСФ.

- Во изминатиот период, од страна на обучувачите, спроведени се низа ИПА обуки, на централно и локално ниво. Вкупно беа организирани 79 ИПА обуки односно беа опфатени преку 70 институции на централно ниво, 78 општини, 8 центри за регионален развој, 73 невладини организации, 51 деловна организација и од 6 факултети;
- Преку „ИПА проект јакнење на ОС за управување со проекти„ беа спроведени 21 обука;

- Во соработка со Кралството Холандија беа спроведени 10 „МАТРА ПАТРОЛ„ обуки и 8 Матра МТЕК обуки;
- Во соработка со Кралството Норвешка беа спроведени 14 обуки;
- Беа обучени вкупно 1791лица претежно од администрацијата и оперативните структури;
- Во координација со домашните испитуции и странски донатори беа развиени 27 модули, обучени 64 тренери и потенцијални 58 тренери;
- Во периодот декември 2012–март 2013 година беше спроведена Анализа за утврдување на потреби од обука (Training Needs Assessment),со која беше опфатен 201 член на Оперативната структура на Компонента I;
- Во период од мај-јули 2013 беше спроведен индивидуален план за обука (Individual Training Plan) со кој беше опфатен 140 членови на Оперативната структура на Компонента I;
- Воедно беше изработена интернет страница за Центарот за обука на СЕП: http://tc.sep.gov.mk.

Во Центарот за обука на СЕП, преку поддршка од мултилатерални и билатерални проекти се спроведуваат низа обуки од областа на јавните политики на ЕУ и останати активности за јакнење на вештините и капацитетите на администрацијата во процесот на европска интеграција.

Во наредниот период центарот за обуки од областа на ИПА обуки: планира активности за понатамошно јакнење на капацитетите, спроведување на обуки, информативни настани, воспоставување соработки и склучување на меморандуми за разбирање со институции во земјата и во странство, континуирано хранење и градење на базата на податоци и веб страница на Центарот за обука на СЕП, прирачник за ИПА корисници, каталог за обуки, како и други документи и прирачници. Во 2014 година Центарот ќе работи на спроведување на анализа за утврдување на потребите од обука (ИПА, Сектори за ЕУ, НПАА-РГ, преговарачки тимови и др.), идентификација на нови области за обуки, развој на стандардизирани алатки за избор на селекција на обучувачи, и за оценка на квалитетот на обуките, поставување на интегрирана рамка на системот на обуки, понатамошен развој на ЕУ, ревизија на постојните модули и создавање нови модули и курикулуми, платформата за учење и обука, користејќи ги искуствата од земјите членки.

Исто така, Секретаријатот за европски прашања единаесет години за ред доделува стипендии за последипломски студии од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ. Во текот на 2012г. беа доделени 4 стипендии за постдипломски студии во странство. Во 2013 година ќе се доделат уште 4 стипендии за постдипломски студии од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство. Во периодот 2003-2012 година доделени се вкупно 81 стипендија.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #3: ЕВРОПСКИ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ

## 1.9.14. Информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција

СЕП континуирано го гради системот на информирање на јавноста во насока на зголемување на јавната свест за поддршка на процесот на европска интеграција. Во изминатиот период, беа спроведени повеќе активности, согласно Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување, 2007-2010, вклучувајќи ги и:

- *Кампањата 'Учиме за ЕУ'*, која имаше за цел да се зголеми степенот на информираност на младите генерации со процесот на европска интеграција. Кампањата ја спроведоа СЕП и Министерството за образование и наука. Во рамки на кампањата беа посетени вкупно 144 основни училишта, 47 средни училишта и 15 факултети. Презентери во основните училишта беа државни службеници од СЕП и МОН, а во средните училишта и факултетите министрите од Владата на Република Македонија придружувани од амбасадорите на земјите членки на ЕУ.

- *Постојани активности за комуникација со јавноста* чија основна цел е зголемување на информираноста на јавноста за реформските процеси во процесот на пристапување кон ЕУ: (1) Редовно ажурирање на интернет

страницата на СЕП, која од октомври 2011 е достапна и на албански јазик; (2) прес-конференции, мултимедијални настани за различни целни групи, брифинзи за медиуми, подготовка на текстови, флаери, публикации, билтени; организирање трибини и дебати на теми посветени на процесот на пристапување; Одржување на виртуелна библиотека/база на аудио визуелни материјали; (3) Испитување на јавното мислење;

- *МК-ЕУ инфо центарот* континуирано ги спроведува своите редовни активности. Библиотеката во инфо центарот располага со наслови кои што се преведени на македонски јазик во рамките на проектот на Владата на Република Македонија за превод на 500 стручни и научни книги и учебници. Исто така, во МК-ЕУ инфо центарот, се прикажуваше видео спот за информирање на граѓаните за правата и обврските од визната либерализација.

- *Претставување на земји-членки:* Организирани се настани за претставување на земјите-членки на ЕУ со цел да се приближат нивните карактеристики до граѓаните, во оваа фаза беа претставени Франција, Унгарија и Словенија;

- *Промоции, ТВ емисии:* Промоција на 'Договорот од Лисабон, издание преведено на македонски јазик во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер; Во соработка со МТВ се реализираше ТВ емисија посветена на процесот на европска интеграција;

- Организиран европски појадок за високи претставници од амбасадите на земјите членки на ЕУ и други земји партнери на земјата како и поранешни вршители на функцијата заменик претседател на Влада за европски прашања.

***Нова стратегија за информирање и комуникација со јавноста (2013-2015):***

Секретаријатот за европски прашања ја подготвува новата Стратегија за информирање и комуникација со јавноста во процесот на европска интеграција (2013-2015), која ќе содржи активности за зголемување на нивото на информации достапни до јавноста и активности наменети за посебни целни групи, со цел да се задржи поддршката за членството во ЕУ.

*Во новата стратегија за информирање и комуникација со јавноста се планира:* покрај редовните активности, воспоставување на комуникациска мрежа со јавни личности, трибини во соработка со општините и ЗЕЛС, како и нови содржини и кампањи, и проекти, на различни теми: владеење на правото, стандарди на здравство, ЕКО Македонија, ИПА претпристапниот инструмент, проекти Учиме за ЕУ, Ало ЕУ, промоција за социјална вклученост, ребрендирање, како и нова веб страница.

### 1.9.15. Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и регионална соработка

СЕП во континуитет одржува отворен дијалог со граѓанскиот сектор. Во изминатиот период спроведени се следните активности:

- Се одржаа две големи средби со претставници од граѓанскиот сектор, на кои се најави редовна соработка. На обете средби учествуваа преку 100 НВО. Во насока на подобрување на комуникацијата со граѓанскиот сектор, СЕП исто така спроведува посебни средби, и подржува настани организирани од страна на НВО.

- Редовно соработува со одделението за соработка со граѓанскиот сектор при Генералниот Секретаријат, и активно е вклучен во подготовка и имплементација на владината Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор.

- На редовна основа ја доставува на увид годишната ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), на претставниците на граѓанскиот сектор и организира посебни средби, во секој циклус на ревизија. Консултациите во врска со ревизијата на НПАА ќе продолжат и во новиот

циклус на НПАА 2014 година.

- Граѓанскиот сектор беше активно вклучен во консултативниот процес на подготовката на Националната програма за Компонентата за помош при транзиција и институционална надградба за 2012-2013 година. Имено, беа организирани 2 консултативни состаноци со граѓанскиот сектор, првиот на почетокот на процесот на програмирање со најава на приоритетните области со можност за активен придонес кон подготвените документи. Вториот круг на консултации беше одржан кон крајот на програмирањето на оваа Национална програма, со соодветен осврт на идеите и предлозите што се земени предвид. Овој процес на вклучување на граѓанскиот сектор, генерално, овозможува транспарентност и негова соодветна вклученост при одредувањето на приоритети во однос на програмирањето на расположливите средства од Европската унија. Отворениот дијалог и консултации со НВО секторот, ќе продолжат и во рамките на ИПА 2, со директно и активно вклучување на граѓанскиот сектор.

***Јакнење на соработката со граѓанскиот сектор и регионална соработка:***

Во наредниот период, Секретаријатот за европски прашања планира значително да ги зајакне своите активности, преку посебен дизајниран проект, во насока на подобрување на соработката со граѓанскиот сектор, академската заедница, парламентарните групи, медиумите итн., и јакнење на заедничките капацитети, подготвеноста за соработка, и активно вклучување во процесот на пристапување и подготовките за преговори. Транспарентноста, промовирањето на европските вредности и развојот на демократските процеси, во голема мера ќе придонесат во јакнењето на свеста, одговорноста и чувството на сопственост, и ќе се обезбеди директна поддршка, континуитет и одржливост на процесот. Се планираат следните активности:

***Развој на соработка со граѓанскиот сектор:*** (1) воспоставување на ЕУ форум како отворена платформа за соработка со сите заинтересирани страни, граѓаснкиот сектор, академската заедница, парламентарните групи, медиумите итн. (2) воспоставување механизам за соработка, дијалог и вклучување во идентификација на клучните проблеми, формулирањето на клучните смерници и стратешки документи, и следењето на нивната реализација, со цел активно учество на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките во процесот на пристапување.

***Идентификација на клучните области за соработка:*** (1) области од НПАА каде ќе бидат потребни посебни студии, анализи, оценка на влијанието, и импликации, за квалитетна подготовка на преговарачките позиции; (2) учество во законодавниот процес и мониторинг на имплементацијата; (3) јакнење на капацитетите за соработка и мониторинг во поедини области на добро владеење и фундаменталните права;

***Соработка со академската заедница:*** (1) дефинирање на заеднички, комплементарни активности и програми во функција на процесот (дипломски/докторски теми во одредени конкретни области); (2) развој на едукативни програми и стручна поддршка по одредени прашања; (3) организирање посета на универзитети, трибини итн.

***Соработка со медиуми:*** Активностите вклучуваат организирање на форуми, семинари, работилници со претставници на медиумите. Исто така, Владата на Република Македонија, воспостави посебна група за соработка со претставниците на медиуми, со цел преку дијалог, да се адресираат предизвиците нотирани во Извештајот на ЕК и преземат соодветни акции.

***Промоција, вклучување и видливост:*** (1) јакнење на заедничките капацитети и спремноста за соработка, преку организирање семинари, работилници, настапи на СЕП, администрацијата, граѓанскиот сектор, академската заедница; (2) отворање форум за дискусија на веб страницата на СЕП;

***Дизајн на ЕУ-портал***. Подготовките за преговори, вклучуваат и планирање активности за консолидација на целокупната информатичка инфраструктура и развој на ЕУ-портал за поддршка на процесот на преговори и интерактивна комуникација со јавноста. Развојот на ЕУ порталот ќе треба да се усогласи со динамиката на подготовките. Концептот на ЕУ-порталот и функционалните модули, се веќе поставени. Порталот треба да претставува платформа за следење на преговорите, членовите на преговарачкиот тим, настаните, информациите и целокупната документација, како и статусот на преговорите. ЕУ порталот исто така, ќе претставува интерактивна платформа за комуникација со јавноста.

***Регионална соработка и добрососедски односи:***

Се планираат активности за јакнење на *регионалната соработка и промовирање на добрососедски односи*. Се планира: (1) Редовно учество на постојните регионални иницијативи и иницирање соработка во области од заеднички интерес; (2) Регионална соработка, и воспоставување заедничка рамка за соработка за соочување со заедничките предизвици на земјите од Западен Балкан, (демократија и владеење на правото, човекови права, слобода на изразување и медиуми, реформа на јавната администрација, корупција итн.); (3) Активно вклучување во инвестициските регионални иницијативи и во Инвестициската Рамка за Западен Балкан; (4) Иницирање на регионални и интеррегионални иницијативи со соседните региони, (5) Иницијатива за добрососедски односи и соработка.